Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на својата 24-та седница одржана на ден 03.11.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-2395/1 од 03.09.2025 година оформен по пријава против В.Д. директорот на ---------- „- ----------------" – ------------------, со сомневања за незаконитости во изборниот процес за Локални избори 2025 година, во постапка за распоредување на работник, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што нема постапување спротивно на забраните пропишани со чл. 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, а во делот на повреда на правата од работен однос постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2395/1 од 03.09.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на познат подносител, на ден 03.09.2025 година, е поднесена пријава со сомневања за незаконитости во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори 2025 година, во постапка за распоредување на работник во ---------- „- ----------------" – ------------------, по која е оформен предмет број 12-2395/1 од 03.09.2025 година. Во пријавата се наведува дека директорот на предметната установа не ги почитувал забраните утврдени во членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а од Изборниот законик и во време на распишани Локални избори 2025 донел решение број 04-323/1 од 27.08.2025 година за распоредување на лицето ----------- -------------- од --------- „- ---------------" – ------------------ на работно место воспитувач во село Црник, што според подносителот на пријавата не било во согласност со законските прописи и Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата. Подносителот бара ДКСК да ја испита законитоста на постапката за донесување на предметното решение од аспект на почитување на одредбите од Законот за вработените

во јавниот сектор, како и од аспект на тоа што истото било донесено во време на изборен период.

Согласно со чл. 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Имајќи ја предвид погорецитираната законска одредба, Државната комисија оцени дека во конкретниот случај не станува збор за постапување спротивно на забраните кои важат за време на изборниот процес, од причина што не се работи за започнување на постапка за вработување на ново лице, туку за постапка за распоредување на вработен на работно место, согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за систематизација на работните места на предметната јавна установа.

По однос на законитоста на постапката за донесување на предметното решение и дали истото е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата, пријавата е проследена на надлежно постапување на Државниот инспекторат за труд, како надлежен орган кој врши надзор над почитувањето на законите и другите прописи од областа на работното законодавство, колективните договори и договорите за работа.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk